Здружение на граѓани Институт за добро управување и евроатлански перспективи
Бр. 0301-52/2022
02 09 2022 год.
СКОПЈЕ

www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk** со назнака **Иницијатива за ГПВРСМ 2023, до 15.9.2022 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2023. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2023, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

**Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin**

Име на здружението/фондацијата: **Институт за добро управување и евроатлантски перспективи –Скопје (ИДУЕП)**

Emri i shoqatës/ fondacionit:

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): **6479944**

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Седиште и адреса (улица, број, општина): **Бул. Кочо Рацин бр.40, 1000 Скопје**
Застапник: **Бојан Кордалов**

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Proqesverbali:

Веб страница: **https://iduep.org.mk/**

Faqja e internetit:

Електронска пошта (e-mail): **contact@iduep.org.mk**

Posta elektronike ( e-mail):

Телефонски број за контакт: :**+ 389 70 365 586**

Numri i telefonit për kontakt:

Лице за контакт: **Бојан Кордалов**

Personi për kontakt:

**Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година**

**Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2023**

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Наслов на иницијативата: Брза дигитална исплата на финансиската помош за граѓаните**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

Со нашата иницијатива се предлага актуелните и сите други типови на финансиски помош во себе да содржат и дигитална компонента па оттука се покажува на дело што значи **дигитализација или дигитална трансформација** и колку е таа поволна за секоја личност, наместо како досега во дел да и се пристапува со страв од непознато. Дополнително, ќе се подобрат условите за живот на граѓаните преку праведен економски раст од кој бенефит ќе имаат сите граѓани а се очекува и да се зајакне довербата во работењето на финансиските институции и враќањето на довербата во институциите и сузбивање на корупцијата, а нуди целосна транспарентност и отвореност на јавните институции.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

**Модерна и ефикасна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјект.**

Главната цел на иницијативата е финансиска поддршка на граѓаните во услови на криза, односно стимулативни мерки за финансиска поддршка за одредени групи на граѓани што се очекува да придонесе кон стратешки придобивки за државата во целина. Нагласуваме дека со вложување на современи дигитални начини на функционирање на јавната управа на сите нивоа, како општество ќе ја јакнеме улогата и бројот на вработувања и преквалификации во ИКТ и сродните дејности, каде регистрираната просечна плата изнесува околу 74 илјади денари. Ова ќе биде голем стимул за мотивирање на младите да останат во земјава, па, дури и реално да се очекува дел од нив да почнат да размислуваат да се вратат во Македонија каде би изградиле своја кариера во овие дејности.

Воведувањето на дигитализација драстично, па некаде дури и целосно ја сузбива корупцијата, а нуди целосна транспарентност и отвореност на јавните институции. Намалувањето на корупцијата значи намалување и на сиромаштијата, ниските плати, бирократизацијата, но и повеќе можности и време за секоја индивидуа која наместо да го троши по шалтери и процедури, ќе може да го посвети на себе и своите блиски. Дигитализацијата мора да биде приоритет за подобар квалитет на живот.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)
**Управување со јавни финансии**
**Дигитализација**
**Борба против корупција и сива економија**
**Транспарентно и отчетно работење**

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë për akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Нашата иницијатива предлага актуелните и сите други типови на финансиски помош во себе да содржат и дигитална компонента. На пример, наместо ценовно да се менува акцизата за гориво на бензинските пумпи, истиот износ да се враќа на трансакциските сметки на секој граѓанин и граѓанка; наместо директно да се менуваат цените на прехранбените производи во маркетите, износот за кој е предвидено да се намалат да се префрла на трансакциските сметки на секој човек.
Сметаме дека ова може да се спроведе преку брзо ажурирање на мобилната апликација „Мој ДДВ" и на тој начин:

1) Се придонесува за враќање на довербата во институциите. Особено важно во време на криза кога граѓаните се во страв и паника од недостаток на ресурси, производи и слично. Со враќање на парите директно на сметките на граѓаните ќе се покаже и квантифицира конкретната помош која

била вратена кон секоја личност од страна на заедничкиот државен буџет;

2) Се стимулираат нови корисници на мобилната дигитална апликација „Мој ДДВ" и се проширува опфатот на нејзините услуги за граѓаните. Оваа апликација е национална и треба да служи како основа за воведување на таканаречениот дигитален идентитет на граѓаните кој е неопходно да го воведеме како земја доколку сакаме да ги користиме предностите и можностите кои ги нуди дигитализацијата за секој наш граѓанин или граѓанка. Колку повеќе луѓе на оваа апликација, толку поблиску до дигитални услуги за граѓаните по естонски или друг напреден дигитален модел;

3) Се избегнуваат стандардните конфликти и стереотипи на релација држава – сопственици – граѓани или јавен – приватен – граѓански сектор. Имено, ниту државните инспектори во ваков случај ќе треба да ги „чешлаат" компаниите дали ги почитуваат цените, а ниту граѓаните и граѓанките ќе имаат причина да се чувствуваат изиграно од некого. Напротив, односот на секој човек ќе биде изграден со државниот буџет од каде редовно (на пример на неделно ниво) ќе се исплаќаат финансиските обврски кон граѓаните врз основа на потрошените средства.

4) Се покажува на дело што значи дигитализација или дигитална трансформација и колку е таа поволна за секоја личност, наместо како досега во дел да и се пристапува со страв од непознато. Имено, токму ваквите кризи треба да бидат согледани и како можност уште отсега заеднички како општество да инвестираме во иднината на земјата и на секој човек, а не само да каскаме со носењето на одлуки пропуштајќи да донесеме мерки кои долгорочно ќе го подобрат, збогатат и

направат подостоинствен животот на сите.

5) Ќе се намали повратот на финансиски средства на неделно ниво, што несомнено ќе го намали стравот од економската криза, ќе продуцира ефикасни институции насочени кон обезбедување на брзи услуги за граѓаните, но и ќе иницира посилна соработка помеѓу владините институции, централната и локалната власт, како и на релација власт – опозиција, граѓански со владин сектор...

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)<br>**Повеќе пари за граѓаните што е многу важно во услови на економска криза. Исто така, ваквите мерки ќе овозможат процес за подобрување на квалитетот на живот на секој граѓанин.**<br>**Намалена сива економија и подобрена е-трговија.**<br>**Позадоволни граѓани и зголемена доверба во државните институции и процесот на дигитализација.**<br>**Ваквото поставување се очекува да предизвика и соработка помеѓу сите општествено политички чинители во носењето на мерките, ставање на експертската јавност во прв план за нивно обликување.** | **Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa) |
| **Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)<br>**Нема дополнителни финансиски импликации односно се враќаат онолку средства колку што Владата решила да не наплати, истовремено користејќи ги постоечките ресурси и дигитални платформи.** | **Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?) |
| **Прилози** (со наведување на авторот на документот): | **Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit): |

Потпис на застапникот

07.09.2022 година ______________

М.П.

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2022 ______________

V.V